РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 25-97/3
02.05.2023 год.
СТРУМИЦА

**Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), а согласно Програмата за активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година (МБ Програма) и предвидените програмски активности за поттикнување на велосипедизмот и организација на активностите во рамки на Фестивалот „Вело Струмица" 2023 за одбележување на 3ти Јуни - Светскиот ден на велосипедот, на ден 02.05.2023 година, Градоначалникот на општина Струмица објавува:**

# Јавен повик

## за прибирање понуди од Граѓански организации за Партнерска соработка со цел организација на Фестивал „Вело Струмица" 2023

### Цел на јавниот повик

Целта на Јавниот повик е општина Струмица да избере граѓанска организација (партнерска организација) од Република Северна Македонија која ќе има доволно капацитет, искуство и стручност да спроведе програмски активности за поттикнување на велосипедизмот и да изврши организација на понудените активности во рамки на Фестивалот „Вело Струмица" 2023 за одбележување на 3ти Јуни - Светскиот ден на велосипедот односно да понуди и спроведе креативно, идејно, техничко и продукциско решение кое целосно соодветствува со стратешките цели и приоритети на општина Струмица, како и новите транспортни политики кои се спроведуваат на локално ниво во поглед на одржливата урбана мобилност.

Потребата од реализација на програмски активности за поттикнување на велосипедизмот и организација на активности во рамки на Фестивалот „Вело Струмица" 2023 за одбележување на 3ти Јуни - Светскиот ден на велосипедот е произлезена од стратешките цели и приоритети на општина Струмица за јакнење на капацитетите и подигнување на јавната свест за вело-културата, за зголемена употреба на велосипедот како најеколошко, рекреативно и алтернативно превозно средство со цел стекнување здрави и еколошки навики, како и од новите транспортни политики кои се спроведуваат на локално ниво во поглед на одржливата урбана мобилност.

Понудата треба да содржи целосен концепт за реализација на Фестивалот „Вело Струмица" 2023, кој ќе се одржи на 2ри и 3ти Јуни, 2023 година односно детално осмислување и начин за реализација на активностите кои ќе обезбедат креативна, продукциска, техничка и организациска поддршка за реализација на настани за одбележување на 3ти Јуни - Светскиот ден на велосипедот.

Активностите и настаните од првиот ден на фестивалот треба да бидат насочени кон промоција на изградената велосипедска инфраструктура во градот Струмица (велосипедско игралиште - велосипедска адреналинска патека ("Pump track" патека), станица за поправка на

велосипеди и велосипедски патеки во должина од 5 км), додека активностите и настаните од вториот ден на фестивалот треба да бидат насочени кон поттикнување на вело-културата (јакнење на капацитетите и подигнување на јавната свест за вело-културата).

**Услови за учество на Јавниот повик**

На Јавниот повик со свои понуди можат да учествуваат граѓански организации регистрирани на територијата на Република Северна Македонија, кои се активни најмалку две (2) години.

Предност ќе имаат граѓанските организации кои имаат искуство во организација на велосипедски настани и манифестации и/или активности од сличен карактер на територијата на Република Северна Македонија.

Покрај најниската цена на понудите, ќе се оценува и квалитетот на понудените решенија и начинот на организација на понудените активности во рамки на Фестивалот „Вело Струмица" 2023 како целосно осмислен концепт.

**Понудувачите (граѓанските организации) треба да понудат квалитетни решенија и начин за организација на активностите во рамки на Фестивалот за љубителите на велосипедизмот „Вело Струмица" 2023, како и изготвување на детално сценарио (програма) за самиот фестивал.**

**Со Граѓанската организација, чија понуда ќе биде оценета како најприфатлива од страна на Комисијата за спроведување на Јавниот повик, по донесеното Решение од страна на Градоначалникот на општина Струмица за прифаќање на понудата, ќе се потпише Договор за реализирање на понудата.**

**Потребни документи за учество на Јавниот повик**

- Статут на граѓанската организација;
- Тековна состојба не постара од шест месеци;
- Годишна програма со претходно реализирани проекти;
- Доказ дека организацијата има организирано велосипедски настани и манифестации и/или активности од сличен карактер;
- Биографски податоци (CV) за членовите кои ќе бидат ангажирани за реализирање на понудата.

**Предмет на понуда**

Согласно потребите за организација и реализација на понудените активности во рамки на Фестивалот „Вело Струмица" 2023 за одбележување на 3[ти] Јуни - Светскиот ден на велосипедот, општина Струмица треба да избере граѓанска организација (партнерска организација) од Република Северна Македонија која има доволно капацитет, искуство и стручност во организација на велосипедски настани и манифестации и/или активности од сличен карактер.

Граѓанската организација (партнерската организација) која ќе биде избрана преку овој Јавен повик за прибирање понуди со цел спроведување програмски активности за поттикнување на велосипедизмот и организација на понудените активности во рамки на Фестивалот „Вело

Струмица“ 2023, потребно е да понуди и спроведе креативно, идејно, техничко и продукциско решение кое целосно соодветствува со стратешките цели и приоритети на општина Струмица, како и новите транспортни политики кои се спроведуваат на локално ниво во поглед на одржливата урбана мобилност.

Поконкретно, понудата треба да ги содржи следните сегменти:

1. **Изработка на концепт со идејно решение за организација и реализација на предвидените активности, сценарио и план на активности:**
    - Понудувачот треба да достави Концепт со идејно решение за организација и реализација на предвидените активности во кој детално ќе ги наведе и разработи сите аспекти на понудените услуги, кои ги вклучуваат најмалку долунаведените елементи, но и други елементи кои Понудувачот би ги понудил, а со цел успешна реализација на предметот на Јавниот повик;

2. **Обезбедување соодветен тим и човечки ресурси:**
    - Соодветен тим и човечки ресурси за квалитетна, креативна, продукциска и техничка реализација на програмските активности во рамки на Фестивалот за љубителите на велосипедизмот „Вело Струмица“ 2023;

3. **Идејно решение за техничка реализација:**
    - Обезбедување бина и дополнителни пропратни елементи согласно идејното решение, како и транспорт, монтажа, ракување, демонтажа и враќање во првобитна состојба на бината;
    - Обезбедување соодветна аудиовизуелна опрема согласно идејното решение, како и транспорт, монтажа, ракување, демонтажа и враќање во првобитна состојба на локацијата (вклучува осветлување, позадина, соодветно озвучување за програмата, други потребни аудиовизуелни елементи и опрема);
    - Други елементи и логистички работи согласно идејното решение.

**<u>Напомена:</u> Од Буџетот на општина Струмица за 2023 година, во рамките на Програмата за активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година (Програма МБ), планирани се финансиски средства во висина од 500.000,00 денари со цел спроведување на програмски активности за поттикнување на велосипедизмот и организација на активности во рамки на Фестивалот „Вело Струмица“ 2023 со цел одбележување на 3ти Јуни - Светскиот ден на велосипедот, кои средства во целост се ставаат на располагање на Граѓанската организација чија понуда ќе биде избрана како најсоодветна!**

**Начин на достава на Понудата**

Пополнетите апликации - понудите со целосната задолжителна документација, вклучително и образецот за понудата мора да се поднесат како **„пакет“ во два (2) целосно идентични печатени примерока, потпишани од одговорното лице и да бидат заверени со печат од организацијата и една електронска копија (на CD или USB)** во просториите на Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица, во запечатен плик, на

кој е назначено дека се однесува за Јавниот повик, во работни денови (од понеделник до петок), меѓу 08:00 и 16:00 часот, или по пошта на следната адреса:

**Општина Струмица**
**Одделение за Меѓународна соработка и Европски фондови**
**Улица: „Благој Јанков-Мучето“ бр. 37 (Дом на АРМ)**
**2400 Струмица**

Крајниот рок за поднесување на апликациите - понудите е последниот ден **(11.05.2023 година, четврток),** сметајќи го и денот на објавување на Јавниот повик за 2023 година на општинската веб-страна, односно десет (10) дена од денот на објавувањето, вклучително и денот на објавувањето.

Апликациите - понудите кои ќе пристигнат по предвидениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред истекот на официјалниот краен рок за достава на понудите.

Апликациите кои ќе бидат испратени на друг начин (преку електронска порака) или кои ќе бидат испорачани на друга адреса **нема да бидат земени предвид**.

На надворешната страна на пликот мора да стои називот на Јавниот повик, целосното име и адреса на подносителот (апликантот) и следната фраза:

**„Да не се отвара до датумот предвиден за официјално отварање на понудите”.**

**Други важни информации**

Во текот на времетраењето на Јавниот повик, доколку имаат прашања, подносителите можат да ги достават истите на следната електронска адреса: strcbc@gmail.com, во рок од пет (5) дена по објавувањето на Јавниот повик, вклучително и денот на објавувањето.

**Напомена!**

**Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Апликациите кои ќе пристигнат по истекот на официјалниот краен рок за достава (11.05.2023 година, четврток) ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е во рамките на зададениот (официјален) краен рок. Применатa документација не се враќа!**

**ПРИЛОГ:** **Образец за понуди за Јавен повик**

Општина Струмица
Градоначалник,
Костадин Костадинов